АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

INFORMATOR

БРОЈ 57 Јануари 2007

## ОСТВАРЕНА СРЕДБА СО КОМОРАТА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На ден 05.02.2007 година во просториите на Адвокатската комора на Република Македонија беше одржана средба помеѓу Адвокатската комора на РМ претставувана од претседателот на Управен Одбор Г-дин Ненад Јаниќевиќ, Г-ѓа Снежана Адндреевска, Г-дин Зоран Петковиќ и Г-дин Дељо Кадиев, членови на УО на АКРМ и делегација на Комората на извршители предводена од страна на претседателот Г-дин Горан Тошевски.

Во насока на воспоставување на односи на соработка и заедничко решавање на проблеми кои што ги засегаат адвокатите на Република Македонија, а се однесуваат на положбата на адвокатот во извршната постапка, на средбата која беше од взаемен интерес беа разгледувани следните прашања :

1. Трошоци на адвокатот во извршна постапка;
2. Полномошно на адвокатот во извршна постапка;
3. Наплата на жиро сметка на адвокатот во извршна постапка;
4. Овластување на полномошникот адвокат во парничната постапка да ги наплати трошоците досудени од судот без посебно полномошно при извршување.

На самата средба од страна на Адвокатската комора беше побарано да се преиспитаат заклучоците на Комората на извршители и стриктно да се почитуваат Законот за парнична постапка и тоа член 86, и член 19 од Законот за извршување, кои се однесуваат на полномошното дадено од странките на адвокатите во парнична постапка и истото не мора да се заверува кај нотар, а се врз основа на погоре наведените членови. Од страна на Комората на извршители беше прифатен ставот на АКРМ и на првата наредна седница ќе бидат повторно разгледани заклучоците на комората на извршители на кои Адвокатската комора на Република Македонија реагираше дека се спротивни на погоре цитираните членови. По добиениот одговор од страна на Комората на извршители за истото ќе Ве информираме.

## АПЛИКАЦИЈА ЗА ПОЕДИНЕЧНО ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА УНИЈА НА АДВОКАТИ - УИА

**Адвокатската комора на Република Македонија, Ве известува дека Интернационалната Унија на адвокати по успешната соработка и колективното членување на Адвокатската комора на РМ во УИА, испрати повик за зачленување на нови членови во Унијата. Доколку сте заинтересирани да станете индивидуален член на УИА - Интернационалната Унија на адвокати и да бидете дел од повеќе од 700.000 адвокати кои активно учествуваат во креирањето на политиката и развојот на адвокатурата, потребно е Вашата Апликација пополнета да ја доставите до Адвокатската комора на Република Македонија.**

**Формуларите за апликација во Интернационалната Унија на адвокати ќе Ви бидат доставени по Вашето пријавување во АКРМ.**

**СЕМИНАР НА ТЕМА**
**"МЕДИЈАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"**



Во деновите 26 и 27 јануари 2007 година, во хотел Славија Спектар во Охрид, во организација на Адвокатска комора на РМ беше одржан семинар на тема "Медијацијата во Република Македонија". Медијацијата претставува вонсудска, неформална, доброволна и доверлива постапка, во која двете страни се договараат да трето неутрално лице (медијатор) им помогне да они сами го решат својот спор, надвор од судските процедури, преку посредување низ преговори и договарања , но без наметнување на решенија од страна на медијаторот, а како новина во Република Македонија темата привлече големо внимание и богата дискусија.

Модератор на семинарот беше Г-ѓа Дивна Павлоска, заменик претседател на Управен Одбор и Претседател на Комисија за едукација, која го отвори семинарот која ги поздрави присутвните учесници како и гостите од Адвокатската комора на Крагујевац. Предавачи на семинарот беа Г-ѓа Здравка Скаловска, Раководител на Сектор за Меѓународна правна помош во Министерството за правда на РМ, Г-дин Звонко Марковиќ, Претседател на Адвокатската комора на Крагујевац, Проф. Др. Арсен Јаневски, професор на Правниот Факултет во Скопје, Др. Осман Кадриу, адвокат и Г-дин Зоран Петковиќ, адвокат и член на Комората на Медијатори.

По богатата дискусија во која се вклучија сите присутни на семинарот, беа донесени следните заклучоци:

1. Потребна е поголема афирмација на медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите на граѓаните и запознавање на граѓаните со медијацијата како можност за решавање на нивните спорови и по пат на медијација, за што е потребно да се изнајдат можности од страна на Министерството за правда и Меѓународната Финансиска Корпорација (ИФЦ) за афирмација на медијацијата по пат на реклами, како што се постапи и во врска со афирмација на Законот за извршување.

2. Адвокатската Комора на РМ да организира округли маси на кои ќе учествуваат судии, медијатори , адвокати и претставници на Министерството за правда на РМ, а на тема промовирање на медијацијата и запознавање со можностите кои ги нуди медијацијата, како и проблемите кои ќе произлезат со почетокот на нејзината примена.

3. Адвокатската Комора на Република Македонија во своето гласило "Информатор" да ги објави податоците за овластените медијатори кои се имаат здобиено со Сертификат од Министерството за правда, а со цел да адвокатите имаат полесен пристап до медијаторите.

4. Да се покрене иницијатива за измени на Законот за медијација во делот кој се однесува на Спогодбата на медијаторот (член 22), нејзиното својство на извршна исправа и изнаоѓање на посоодветен начин на уредување на овој проблем.

5. Членот 26 од Законот за медијација е во директна спротивност со членот 6 на Европската Конвенција за човекови права, бидејки ги ограничува правата на граѓаните утврдени со оваа конвенција.

6. Да се преиспита можноста да медијацијата не биде исклучена од кривичната постапка, бидејки истата има можност да најде примена и во оваа постапка.

*продолжува на стр. 3*

*продолжува од стр. 2*

7. Одредбата од член 27 треба да биде содржана во Законот за парничната постапка, а не во Законот за медијација.

Ставот 2 на членот 27 треба да се преуреди на начин што ќе се ограничи можноста на судијата во сите фази на постапката да ги упати странките спорот да го решат со медијација, така да биде исклучена фазата на парничната постапка кога е поднесен правен лек.

8. Да се прочисти текстот на Законот за медијација, така да од истиот во сите одредби каде се споменува Судска медијација исите зборови да се избришат, бидејки нашиот Закон за медијација не предвидува судска медијација, бидејии со тоа се доведува во прашање самиот концепт на медијацијата. Да се расчисти дилемата дали има судска медијација со овој закон.

9. Од членот 1 став 3 да се бришат зборовите "како ниту во случаи во кои судијата или арбитерот во текот на судската или арбитражната постапка настојува да го олесни мирењето".

10. Се поставува прашањето за признавањето и извршувањето на спогодбите постигнати во медијација кои имаат својство на извршни исправи надвор од земјата и обратно.

11. Да се преиспита потребата и од други измени кои би произлегле од други собири, како и од самиот почеток на примена на Законот.

12. Да се даде предлог до Комората на медијатори за што поскора обука на што поголем број на нови медијатори.

## ИЗГОТВЕНА НАЦРТ ВЕРЗИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА АДВОКАТСКА МАРКИЧКА

На остварената првична средба на делегација на Адвокатска комора на Република Македонија, предводена од претседателот на Управниот Одбор, Г-дин Ненад Јаниќевиќ со генералниот директорот на Управата за јавни приходи на РМ, Г-дин Горан Трајковски, од страна на претседателот на Управниот Одбор на АКРМ беа потенцирани причините за изземање на адвокатската дејност од задолжителната примена и употреба на фискалните каси, како и за воведување на адвокатската маркичка како посебен начин на наплата на услугите и обврските на адвокатите кон државата. Тој нагласи дека со воведувањето на адвокатската маркичка, адвокатурата ќе се дефинира како јавна функција и во фискалниот систем, ќе обезбеди контрола и ќе се помогне да се ублажат проблемите со надриписарството.

Директорот на Управата за јавни приходи на РМ, Г-динот Горан Трајковски покажа разбирање за проблемите со кои се соочуваат адвокатите и изрази задоволство од одржувањето на оваа средба, при што ја акцентираше потребата од заедничка и тесна соработка во однос на ова прашање, помеѓу двете институции.

Веднаш по остварената средба Адвокатската комора на Република Македонија оформи работна комисија за изготовка на нацрт Закон за адвокатска маркичка. По активниот ангажман на работната комисија во минатиот период беше изготвена нацрт верзија на Законот за адвокатска маркичка, која се достави до Управата за јавни приходи на Република Македонија за сугестии и забелешки од нивна страна. Во моментов се очекува формирање на мешана работна група составена од претставници на двете институции како и одржување на нивна заедничка средба.

*СПЕЦИЈАЛНО ЗА АДВОКАТИ !!*

*ПОЗНАТИТЕ РУРА МАШКИ И ЖЕНСКИ ЧОРАПИ*



RURA

Момин Поток бб • 1000 Скопје • Македонија
Тел: +389 2 3091 207, 3095 146

## ОТВАРАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО СКОПЈЕ

Ни претставува огромно задоволство да Ве информираме дека како резултат на активностите на Адвокатска комора на Република Македонија на продолжување на проектот Бесплатна правна помош, правна култура и социјализација , ни претстои отварање на кацеларии за бесплатна правна помош во Скопје.

По контактите кои беа остварени во изминатиот период помеѓу претседателот на Управниот Одбор на Адвокатска комора на Република Македонија Г-дин Ненад Јаниќевиќ, и градоначалникот на општина Карпош, Г-дин Андреј Петров, беше потпишан договор за користење на просторија - деловен простор на Надвозникот Влајко, во населбата Влае. Оваа канцеларија ќе биде наменета за давање на бесплатна правна помош на определени групи на граѓани, кои се загрозени во остварувањето на нивните права. Поконкретно, станува збор за социјални случаи, хендикепирани лица, самохрани родители, жртви на семејно насилство како и жртви на трговија со луѓе.

Истовремено Адвокатската комора на Република Македонија е во преговори со општина Кисела Вода, од каде постои интерес за вклучување во овој проект и отварање на канцеларија за бесплатна правна помош во нивните простории.

Адвокатската комора на Република Македонија изразува посебна благодарност до Г-динот Андреј Петров, градоначалник на општина Карпош, за овозможување на отварање на канцеларија за бесплатна правна помош во просториите на надвозникот Влајко.

За датумот на отварањето на канцеларијата за Бесплатна правна помош на Надвозникот Влајко во населбата Влае, дополнително ќе Ве информираме во наредниот број на Информатор.

## ОТВАРАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ГОСТИВАР

**Во соработка со Собранието на општина Гостивар, Адвокатската комора на Република Македонија ќе отвори канцеларија за бесплатна правна помош и во Гостивар, на определени групи на граѓани, кои се загрозени во остварувањето на нивните права. Поконкретно, станува збор за социјални случаи, хендикепирани лица, самохрани родители, жртви на семејно насилство како и жртви на трговија со луѓе од подрачјето на општина Гостивар. Оваа канцеларија ја опремивме благодарејќи на ТД Картел од Гостивар.**

## *ОТВАРАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИЈА НА АДВОКАТСКА КОМОРА НА РМ ВО АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ*

***Во Апелациониот Суд Скопје добивме канцеларија на Адвокатска комора на Република Македонија, која се наоѓа на вториот кат во вој суд.***

***Во оваа канцеларија која ќе ја опремиме со комјутер и стручна литература, ќе можат адвокатите да ја користат и како место на кое ќе можат да ги облакаат своите адвокатски тоги, кои во најкус временски рок ќе бидат изготвени за сите адвокати во РМ***

АДВОКАТСКИ КЛУБ – РЕСТОРАН "НАЦИОНАЛ"
20 % попуст за сите членови на Адвокатска комора на РМ
тел. 02 / 3214 200

Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СТРУЧНА СЛУЖБА